**РЕЗИМЕ ЗА ПРОЕКТОТ**

| | |
|---|---|
| Назив на проектот | **Справување со загадувањето на воздухот** |
| Поддржано од | Програма за развој на Обединетите нации (УНДП) |
| Програма | Проектот е дел од Програмската рамка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), финансирана од Шведска |
| Улога на ЗНМ | Партнер во проектот |
| Вкупен буџет | МКД 4,212,585 |
| Грант од донаторот: | МКД 4,212,585 |
| Период на реализација | Јули 2023 – Декември 2025 |
| Територија | Северна Македонија |
| За проектот | **Резиме** |
| Контекст | Проектот **Справување со загадувањето на воздухот** има цел да ги поддржи локалните власти во пет пилот општини во Северна Македонија, во насока на откривање и мерење на изворите на загадување на воздухот, идентификување, развој и спроведување соодветни мерки за решавање на проблемите, јакнење на капацитетите на партнерските организации, како и подигање на јавната свест. Вклучувањето и информирањето на јавноста за прашањата за квалитетот и загадувањето на воздухот е клучен фактор за успехот на проектот. Проектот посветува особено внимание на градење партнерства и зголемување на капацитетите на граѓанските организации (ГО) и медиумите, особено што тие имаат клучна улога во правилно прикажување на фактите, споделување добри, но и лоши практики, подигнување на свеста и придонес за зголемување на знаењето во изнаоѓање решенија за справување со загадувањето на воздухот. Соработката со медиумите ќе обезбеди да се задржи вниманието на јавноста за прашањата поврзани со загадувањето на воздухот на национално и локално ниво, како и притисокот врз носителите на одлуки да дејствуваат и да покажат резултати на двете нивоа.<br>Клучна алка во овој процес е инвестирањето и мотивацијата на младите новинари ширум земјата подобро да се запознаат со темата и да се поттикне интерес кај новинарите за следење и известување за проблемите со аеро загадувањето, со што ќе се обезбеди одржливост на иницијативата и по формалното завршување на проектот.<br>Во таа насока е и улогата на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), како најстара и најголема организација во земјата, во соработка со УНДП, да придонесе кон градење капацитети на локалните новинари за следење и известување на теми и прашања поврзани со загадувањето на воздухот и јавна промоција на квалитетни медиумски содржини |
| Цел | Придонес кон зајакнување на капацитетите на локалните новинари за следење и известување на теми и прашања поврзани со загадувањето на воздухот и јавна промоција на квалитетни медиумски содржини. |
| Целни групи | Новинари (најмалку 55, учесници на три дводневни обуки и наградени за годишна награда) |
| Очекувани резултати | • Поголем поттик за детално, и точно известување за прашањата за загадувањето на воздухот,<br>• Преку подготвени алатки и подобрено знаења за создавање привлечни новинарски содржини што ефективно ја информираат |

| | |
|---|---|
| | јавноста, поттикната поширока дебата за квалитетот на воздухот во локалните заедници |
| Носечки активности | Клучните активности на проектот се:<br>• Организација на три годишни новинарски награди<br>• Изработка на програма за градење капацитети<br>• Организација на 3 дводневни работилници за 45 новинари од локалните медиуми<br>• Подготовка и објавување на 18 тематски медиумски производи |
| Лого (на донаторот) | |